Кирил ТЕМКОВ

# ЕТИКАТА ВО ХОРИЗОНТОТ НА МАРКСОВАТА МИСЛА И КОМУНИЗМОТ

Комунизмот претставува длабока цивилизациска идеја и зафат, бидејќи во комунистичкиот проект се работи за целосна реконструкција на човечкото постоење.

Затоа сите стари сили на светот, сите сили на стариот свет се обединети да го спречат во тоа. Во последниот век и пол сведоци сме на гигантскиот судир меѓу силите на постојното, на „добро востановениот" ред — и — сеништето што од над Европа се раздвижува врз целиот свет.

Во овој контекст, не се знае кој дел од Марксовото учење предизвика и сѐ уште предизвикува поголем одиозитет — политичката економија, теоријата на револуцијата или учењето за отуѓувањето . . . Но, кога аргументите се исцрпуваат и кога настапува акцијата која Маркс ја предвидел, како последен контрааргумент и опора се користи токму неговиот ореол на антихрист — на рушител на светот „онаков каков што од господа е речено да биде". А тоа, кога ќе се замине од другата страна на материјалните факти и причини, најчесто се сведува на евидентно човечкиот факт — моралот.

Затоа етичката теорија на Маркс најрешително ја следи оваа судбина. Дури и кога ќе се признаат (делумно или целосно) резултатите на неговата теорија во другите области, останува како теориски проблем токму тоа: дали Маркс има етичка, теорија, етика, и дали, ако нема, од неговото целокупно дело таа може да се реконструира?

Да ги оставиме, притоа, настрана барањата на децидиран позитивен морал во Марксовото учење. За оние кои се занимаваат со проучување на неговото дело, тоа не е ни најбитно. Затоа вистинска задача е — да се свртиме кон теориските хоризонти на Марксовата мисла за да видиме дали нејзе ѝ е иманентна, дали воопшто може да ѝ биде иманентна мисла за некој позитивен морал, т.е. дали во марксистичкиот теориски систем воопшто има место за етиката?

Органска противречност на строењето на една марксистичка етика, која притоа би била конзистентна на основниот Марксов филозофски став, му е инхерентна во него самиот. Филозофската конструкција на Марксовата теорија има еден радикален белег. Таа е *филозофија на стварноста.* Но, материјалисти и реалисти има низ целата историја на човечката мисла. Теориски новум на Марксовата мисла е во тоа што таа е мисла од нивото на развиениот човек, човекот свесен за тоа дека тој е создавач на светот што го опкружува, во кој живее. Исклучителна основа на тој поглед на светот е дијалектичкиот материјализам — мисла и метод на една максимална материјалистичка заостреност и дијалектичка (и историска) суптилност (на пример, Марксовата критика на религијата, на фетишизмот на стоката, учењето за развитокот на човечките сетила).

За една ваква мисла сосема нормално беше како своја програма да ја постави максимата: ние не ѝ припишуваме, не ѝ наметнуваме принципи на стварноста; ние ги извлекуваме нив од стварноста. А прво што може да се констатира се луѓето, материјалното производство на нивниот живот, нивните (конкретни) односи во кои тие влегуваат во тој процес. Таква мисла, која не ѝ наметнува принципи на стварноста, органски е, пак, инкомпатибилна со етиката, која иманентно, според својата логика, ја содржи и нормативноста — принципи кои ѝ се наметнуваат на стварноста.

Во оваа смисла, Маркс не напиша етика, а уште помалку некој филозофски компендиј од оваа теориска дисциплина (како што, впрочем, не напиша ниту еден филозофски компендиј). И — доколку схоластички му пристапиме на проблемот — прашање од сериозен карактер е дали во една мисла со ваква теориска програма може да биде напишана една етика, дали таа може да му биде иманентна на еден ваков мисловен систем.

Меѓутоа (и во теоријата, а не само во животот, има едно „меѓутоа"), Марксовата мисла има една *претпоставка* која е *сознаена,* а не хипотетички, програмски поставена. Тоа е сознанието дека светот е една целост, интегралитет, и како природен и како општествен и историски факт. Во таа целост, човечкиот живот, човечкиот свет е исто така целост — ensemble на општествените односи како севкупност на човечкото постоење.

А моралот е човечки факт. Еден од конституенсите на човечкото постоење. Еден од модусите на кој човекот се остварува во својот примарен супстанцијалитет (кој историски е и есенцијалитет и егзистенцијалитет) — дека е општествено суштество. Моралот не е постоење во свеста (како што е тоа религијата), па критиката на извртената свест да стане пристапен пат на нејзиното укинување, а не на конкретноисториското

укинување—надминување (Aufhebung) на нејзината содржина и форма (впрочем, според суштината на Марксовата мисла, материјалната критика, измената на односите, е услов на целосната човечка цивилизациска реконструкција како надминување на религијата). Моралот е материјален факт на човечкото живеење — како што се тоа, дури, и идејата, и уметноста, на пример. Зашто тој примарно е *дело*.

Во оваа смисла, конституирањето на една марксистичка етика како да има теориско оправдување да се изведе од теоријата на творештвото, издигнувајќи го социјалното творештво, изградбата на човечките односи во нивните социјални димензии — барем до рамништето на (доколку е можно, изделено сфатено) човечкото материјално творештво. Во една филозофска анализа, на моралните феномени треба да им се пријде како на материјални последици од моралниот човечки творечки чин, односно како на специфични (морални) одгласи од целокупната сфера на социјалното живеење — во една специфична форма на човечкото однесување спрема себе, спрема другиот човек, спрема заедницата и спрема природата.

Посматран како дело, чин, моралот се воспоставува не само како отуѓена свет и област (што е религијата), туку како уште неразотуѓена област на човечкото постоење (какви што се сите други области на човечкото дејствување и егзистенција). Парадигма на анализа — валидна за етиката — станува анализата на трудот и на соодветните историски човечки односи, а не анализата на религијата и фетишизмите. Во таа смисла, треба да се укаже на исклучителниот теориски потенцијал кој, во оваа смисла, лежи во оној Марксов текст, насловен работно како „Отуѓениот труд". Акцентирајќи ги претпоставките, јазикот и законите на етиката, може да се разлачи хоризонтот на изградбата на еден етички поглед кој нема a priori да се згрозува над моралната стварност, но нема ни да остане на недиференцираните општости од Кантовиот тип, не сфаќајќи ја конкретноисториската законитост на моралното случување и развиток.

Покрај тоа, нужна претпоставка за конструкција на една марксистичка (и на која и да е друга) етика, а на која сепак се заборава, е сферата на *вредностите*. За марксистичката мисла тие не се никаков „трет свет", „трето биствувачко". Дијалектичката мисла разоткрива дека човекот (развиениот) е свој сопствен производ. Тој не остварува некоја однапред замислена проекција на својата сушност која треба да ја достигне, туку смислата на своето суштествување, својата сушност ја изградува низ *изградбата* на својот живот и свет, која, пак, зависи од бесконечните материјални потенцијали и ограничеността на природ-

ните (во кои спаѓаат и општествените) законитости. Вредностите се сублимиран израз на дознаените *непосредни* цели на човечкото живеење (т.е. дејствување).

Денес, сто години од Марксовата смрт, стварноста ни дава многу поишроки можности за разбирање на неговото дело. Неговата најзначајна идеја — социјалниот детерминизам — ја разоткриваме во нејзината *духовна широчина*. Тесните рамки во кои класичната историскофилозофска анализа сака да го смести Марксовото дело се урваат под натисокот на стварните, животните процеси, како што воопшто објективно се урваат и тесните рамки на секоја „марксистичка", специфично секташка анализа на негово дело.

Не сакаме да укажуваме дека најмалку во „Комунистичкиот манифест" е изложен еден нормативен етички концепт кој претставува консеквентна етичка програма, која може натаму да се развие. Марксовото дело, сепак, за жал на неговите противници, нема да добие ни плус ни минус ако се утврди дека во него има или нема експлицитно или имплицитно дадена, градена или потенцијална) етика. Но, самата стварност — највисокиот теориски критериум, зашто е извор на теоријата — покажа дека изградбата на човековиот свет и на самиот човек натаму ќе помине преку една интегрална револуција, која во себе инкорпорира не само радикални економски и политички промени. Стварноста на изградбата на комунизмот (низ која треба да се оценува и теориската валидност на Марксовата теорија) покажа дека револуцијата може да се продолжи (а тоа е смислата на забрзаниот револуционерен процес — кој денес значи комунизам) само ако се продолжи и во морална и културна револуција, т.е. ако стане апсолутна револуција на човекот, една целосна реконструкција на цивилизацијата.

Комунизмот, на чиј пат човекот застане и оди, а кој е реална промена на вистинските човечки односи и однесувања, сè повеќе покажува дека и реконструкцијата на човечките односи (на човечкото општество) во нивната морална димензија е негова перманентна револуционерна перспектива. Ослободувањето на трудот од секојдневната борба на човекот за опстанок и на човечките односи од нивните класни ограничености ќе ги ослободи човечките потенции за посестрано развивање на односот на човекот кон другиот човек и за бесконечна плурализација на индивидуалната смисла на животот. Иако се во органска симбиоза, ослободувањето на светот е услов на ослободувањето на моралот како ново тласнување на човечката слобода.

А дали, пак, тоа ќе го викаме морал или човекување, на историјата — како единствена сериозна наука — не ѝ е грижа за тоа.

Kiril TEMKOV

## ETHICS IN MARX'S THOUGHT, AND COMMUNISM

### Summary

The author attempts to answer the theoretical question whether the thought of a positive moral is immanent in Marx's thought, and whether there is a place for ethics in the Marxist theoretical system.

When answering the above question the theoreticians begin with the belief that in Marx's writings there exists no question of ethics in the sense of certain moralistic features or of a certain ethical normativism; upon which the so-called dogmatic Marxist form of ethic is developed, but exists according to the basic Marxist method of not imposing principles to reality from which they should be derived. This is in general incompatible with all the old preMarxist ethics hich by way of their logic immanently contain normativity.

If truth is ever considered as an entity, the world can be discovered and examined only in its entity i.e. integrally. As a thought of revolution and as a revolutionary thought, Marx and Marxism discovered the principles for a thorough humane reconstruction of the man's life not as a separation of different worlds (of moral, of culture, knowledge etc) but as a unity of the previously separated and antagonistic worlds. Hence, the basic plea: Marxist ethics should be founded on the theory of creativity and whose central point should involve the establishment of human relations on a unique principle — a free human creativity. The author points out that the new ethics should be established on an axiomatic basis, because values are nothing more than a sublime expression of the known principle aims of man's life. Because of this a revolution continues only if it is prolonged in a moral, and cultural revolution i.e. if it becomes a total revolution of man, and a thorough reconstruction of civilisation.